INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 10-370/9
22.07. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22, 171/22 и 3/25), Општина Ѓорче Петров, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела за изградба на објекти со намена А4.3 – Куќи за времен престој – викенд куќи и уредување на пристап на дел од КП 3634, дел од КП 4490/1, КП 3689 и КП 3690, КО Кучково, Општина Ѓорче Петров**, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Ѓорче Петров, www.opstinagpetrov.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ, **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела за изградба на објекти со намена А4.3 – Куќи за времен престој – викенд куќи и уредување на пристап на дел од КП 3634, дел од КП 4490/1, КП 3689 и КП 3690, КО Кучково, Општина Ѓорче Петров,** нема да има влијание врз животната средина од следните причини: со планско – проектната документација која се донесува се врши уредување на просторот со површина од 0,76 ha, согласно важечката законска регулатива од областа на урбанизмот. Влијанијата врз животната средина од реализацијата на овој плански документ, не би биле од таков обем да се пропишуваат посебни мерки во планирањето, туку урбанистичко – техничките мерки ќе се применат при изработка на основните проекти за градбите.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

**Александар Стојкоски**

**Изработил:**
Е. Ќулумоска, ____________
**Одобрил:**
Ф. Ефтимов ____________